ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-260/2**

**Дата: 07.02.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Шуто Оризари за 2009 година.

При ревизијата беа земени предвид и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година, при што е утврдено дека од дадени шест препораки, една е спроведена, а пет препораки кои се однесуваат на евидентирање на имотот добиен со делбените биланси од 2000 година и капиталните инвестиции во улици, патишта и други објекти не се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2009 година и за усогласеноста со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме негативно мислење.

Исплатени се средства во износ од 1.120 иљади денари за лица ангажирани со договор на дело за континуирано извршување работни задачи подолг временски период. Општина Шуто Оризари нема акт за определување лица кои можат да користат службен мобилен телефон и утврден лимит кој ќе биде признаен како расход од работењето на општината, до април 2009 година неплатените обврски кон еден од мобилните оператори изнесуваат 2.060 иљади денари.
Исплатени се средства во износ од 2,663 иљада денари врз основа на фактури за кои службите на општината немаат обезбедено документација согласно Законот за градење.
Извршени се плаќања кон правни лица во износ од 787 иљади денари за набавка на добра и услуги за кои не е спроведена соодветна постапка за јавна набавка.

Проценетата вредност на постојаните средства во Билансот на состојба за 2009 година е нереална и необјективна поради не евидентиран имот доделен со делбениот биланс од 2000 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 14, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Шуто Оризари кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Шуто Оризари за 2004 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Шуто Оризари под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ердуан Исени – градоначалник на општина Шуто Оризари до 14.04.2009, и
- Елвис Бајрам - градоначалник на општина Шуто Оризари од 15.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Шуто Оризари се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали

се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.11. до 02.12. 2010 кај Општина Шуто Оризари на сметката на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година.
Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 06.12.2010 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Во општина Шуто Оризари не е воспоставена внатрешна контрола, која претставува систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи и организациона структура, методи и процедури на работење и внатрешна ревизија, што не е во согласност со одредбите на членовите 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Ревизијата утврди дека:

- не се врши ликвидирање на документацијата од аспект на математичка и логичка контрола на документот;
- фактурите се некомплетни немаат испратници, не се потпишани од лице кое ќе потврди дека набавката е во рамки на договорените количини и цени;
- нема назначено одговорен сметководител, ниту пак е вработен внатрешен ревизор.

Градоначалникот нема донесено пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани постапките, надлежностите и одговорностите на лицата вклучени во приемот на влезните документи, нивно евидентирање, потврдување и обезбедување на комплетна пропратна документација. Ова е резултат на малиот број вработени лица во организационите единици на општинската администрација вклучени во процесот на плаќање како и повеќето работни задачи кои ги извршуваат.
Плаќањата по документација која е непотврдена од одговорно лице без доволно поткрепувачка документација дека набавките се за потребите на општината, создава ризик од ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.

**Препорака**:
Градоначалникот да преземе активности согласно законските прописи и:
- да воспостави организациска структура и процедури со кои ќе обезбеди функционирање, следење и развој на ефикасен систем на сигурен финансиски менаџмент и контрола преку јасно дефинирани одговорности и ограничувања на овластувањата во пишана форма, при тоа обезбедувајќи соодветна поделба на должностите;
- процесите во општината да се документираат со пишани процедури на начин кој ќе овозможи следење на работењето и текот на трансакциите;
- да се земат во предвид решенијата што ги нуди законот за меѓу општинска соработка во насока на надминување на состојбите поради малиот број вработени со несоодветни квалификации.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Извршениот попис на средствата и изворите на средствата на Општина Шуто Оризари со состојба на 31.12.2009 година во делот на пописот на побарувањата и обврските не е целосно извршен, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во прилог на пописниот материјал има само спецификација за побарувањата и обврските (утврдени се салдата), меѓутоа комисијата за попис го нема утврдено основот и старосната структура на искажаните износи и причините за ненавремената наплата на побарувањата и исплата на обврските. Ревизијата утврди обврски во износ од 1,353 илјади денари кои потекнуваат од 2003, 2005, 2006 и 2007 година за кои Општината нема сознание дека добавувачите имаат поведено

постапка за наплата по судски пат, а за кои не се преземени мерки согласно член 363 од Законот за облигациони односи.
Нецелосното спроведување на пописот создава можности за ненавремено преземање на мерки за наплата на побарувањата и плаќање на обврските.

**Препорака:**
Комисијата за вршење на годишен попис да се придржува кон сите одредби предвидени со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници за вршење на пописот, заради целосно и навремено спроведување на пописот.

4.2.2. Исплатени се 2,663 илјада денари за копање бунар за вода, за одржување на зелени површини, за монтажа на сијалици - одржување на јавно осветлување, за крпење на ударни дупки, само врз основа на фактури за кои службите на општината немаат обезбедено градежни книги и градежни дневници предвидени со член 8 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежна книга. Доставената документација не е потврдена од избран надзорен инженер или стручно лице од секторот за урбанизам што не е во согласност со одредбите на член 33 од Законот за градење.
Искажување на расходи без доволно поткрепувачка документација и непотврдена од овластени и одговорни лица не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално проценување на расходите и можност за ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака:**
Исплатата на средства да врши врз основа на веродостојна документација потврдена од надзорен инженер избран согласно постапка предвидена со закон.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. До спроведувањето на локалните избори во март 2009 година, за шефот на кабинетот на градоначалникот се врши пресметка и исплата на плата според Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Неговото назначување и утврдувањето коефициент за пресметка на платата е врз основа на акт донесен од поранешниот градоначалник, иако со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Шуто Оризари не е предвидено такво работно место, ниту истото лице е избрано лице. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и

именувани лица во Републиката и придонесува за зголемени трошоци и ненаменско користење на средствата од буџетот на општината.

4.3.2. Од средствата на Тековните резерви 149 илјади денари се потрошени за исплата на обврски кон економски оператор за набавка на алат за одржување на зеленило. Ова не е во согласност со член 11 од Законот за буџетите, каде е предвидено средствата од тековните резерви да се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. Ова ситуација можела да се предвиди и за истата да се планираат средства со буџетот на општината.
Непочитувањето на законските одредби придонесува за ненаменско користење на средствата обезбедени со Буџетот на општината.

**Препорака:**
Средствата од Резервите да се користат согласно насоките дадени во Буџетскиот циркулар од Министерството за финансии и на начин утврден со законот и интерните акти донесени од советот.

4.3.3. Градоначалникот на општина Шуто Оризари нема донесено интерен акт за определување лица кои можат да користат службен мобилен телефон, ниту пак има утврдено лимит кој ќе биде признаен како расход од средствата на општината. Како резултат на тоа во 2009 година направени се трошоци во износ од 961 илјади денари. До април 2009 година 18 лица користеле услуги од мобилен оператор на сметка на работењето на Општина Шуто Оризари, за што кон еден од мобилните оператори има неизмирени обврски во износ од 2.060 илјади денари. Од април 2009 година бројот на корисници е намален на 10, но општинската администрацијата нема информации кој ги користи мобилните телефони (вработените во општинската администрација не се корисници на службени мобилни телефони).
Непостоењето на акт за утврдување на лицата кои можат да користат службен мобилен телефон и не ограничување на трошоците создава услови за зголемени трошоци, нерационално трошење на буџетските средства и намалена транспарентност во работењето на општината.

Ревизијата не дава препорака по овој наод бидејќи за време на ревизијата во декември 2010 година градоначалникот донесе решение за утврдување на корисници на телефонски услуги со утврден месечен лимит со реверси за задолжување.

4.3.4. Општина Шуто Оризари ангажира осум лица по договор на дело за работи во подолг временски период континуирано што не е во согласност со одредбите од член 619 од Законот за облигациони односи каде е предвидено дека ангажирањето

на лица по овој основ може да биде за вршење на определена работа за одреден период (еднократно). Ангажирањето лица со договор на дело за подолг период не е во согласност и со член 13 и 14 од Законот за работни односи. По овој основ исплатени се 1.120 илјади денари и тоа:

- за две лица ангажирани како советници во кабинетот на градоначалникот, и две лица за економски консалтинг кои како работни места не се предвидени со Правилникот за систематизација исплатени се 951 илјади денари. За советниците во кабинетот на градоначалникот исплатени се 150 илјади денари повеќе и за месеци во кои не се ангажирани;
- на член од советот исплатени се 79 илјади денари, како дел од неисплатените надоместоци од минати години, за функција заменик градоначалник иако не постои акт за негов избор. Исплатата е врз основа на договор за дело од септември 2007 година, иако Државниот инспекторат за труд во јануари 2008 година донел решение за негово раскинување. На 21 април 2008 година склучен е нов договор. Лицето како член на Советот на Општина Шуто Оризари во претходниот состав редовно примал месечен надомест за одржани седници;
- 90 илјади денари се исплатени на две лица на работно место чувари, кои во јули 2009 година се ангажирани со договори на дело, иако во јуни 2009 година на пет лица чувари им се врачени решенија за прекин на работен однос, а бројот на извршители предвиден со систематизацијата е веќе пополнет.

Ангажирањето на лица по основ на договор на дело ја спречува транспарентноста и конкуренцијата при вработувањето, овозможува ангажирање на лица без соодветни квалификации и го зголемува ризикот од субјективност при приемот.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице:

- да обезбеди ангажирањето на лица да биде во функција на потребите на општината, финансиските можности и согласно одредбите на законите за државни службеници и работни односи.
- да преземе мерки и активности согласно законската регулатива за враќање на незаконски исплатените средства.

4.3.5. Кон избран економски оператор исплатени се средства во износ од 295 илјади денари за расчистување на зелени површини за кои изведувачот нема доставено документ (фактура, ситуација). Извршеното плаќање и искажаните трошоци без соодветна документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за резултат ненаменско користење на средствата.

За време на вршењето на ревизија беше доставена фактура со градежни книги и дневник кои се потпишани само од изведувачот а не и од инвеститорот и надзорот.

4.3.6. За крпење на ударни дупки во Општина Шуто Оризари доставена е фактура во износ од 1.383 илјади денари со која фактурираните цени не се во согласност со прифатената понуда од спроведената јавна набавка. Извршените работи се искажани збирно како рушење на асфалтна површина и крпење на ударни дупки, а не според видовите активности предвидени со тендерската документација. Фактурираните цени не претставуваат збир од вредноста на поединечните активности (обележување траса, ископ и транспорт на асфалт, асфалтирање во зависност од дебелина на асфалт) и истите се повисоки. Ова се должи на невоспоставени внатрешни контроли и не назначување лице кое ќе ја следи реализацијата на договорот.
Искажување на трошоци врз основа на непотврдена документација од одговорни лица создава услови за зголемени расходи од работењето на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот плаќањата да ги одобрува врз основа на комплетна и веродостојна документација потврдена од овластени лица.

4.3.7. Со решение на Влада на Република Македонија од 2000 година на Општина Шуто Оризари доделен е недвижен имот, за кој службите на општината во 2006 година до Агенцијата за катастар на недвижности доставиле барање за запишување на право на сопственост за објектите доделени со споменатото решение. Општината нема добиено повратно известување од Агенцијата за катастар на недвижности. Не е извршена проценка на вредноста на овој имот и не е сметководствено евидентиран што не е во согласност со членовите 18 и 19 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Неизвршената проценка на имотот придонесува да Општина Шуто Оризари нема релевантни податоци за вредноста на имотот со кој располага и придонесува за изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Шуто Оризари да преземе активности за проценка на имотот доделен на општината.

4.3.8. Поради малиот износ на расположливи средства на сметката на Општина Шуто Оризари, обврските кон добавувачите, вработените и надоместоците кон советниците се исплатуваат со задоцнување. Ревизијата утврди износ од 709 илјади денари неисплатени надоместоци за одржани седници на советот во 2008 и до февруари 2009 година, кои не се искажани на сметките за краткорочни обврски. Дел од овие обврски се исплатени во 2010 година по завршени судски постапки.

Не искажувањето на неплатените обврски има за резултат нереално проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи и влијание на планирањето на буџетот за наредната година.

**Препорака:**
Одделението за финансии, буџет и администрирање на приходи да воспостави сметководствена евиденција на неисплатените надоместоци.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2009 година во Општина Шуто Оризари, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- со одлуката за јавна набавка не се назначува комисија за јавна набавка што не е во согласност со член 28;
- не се почитува крајниот рок од 8 дена за доставување на понуди кај постапката за прибирање на понуди без објавување на оглас (член 100 став 5);
- за истите постапки не се утврдува способност за вршење професионална дејност на економските оператори (член 102 став 2);
- договорите за јавна набавка од постапката за прибирање на понуди без објавување на оглас се склучуваат во пократок рок од предвидените 5 дена во член 208;
- критериумите во тендерската документација не се исти со објавените во огласот што не е во согласност со член 159 и член 162;
- евалуација не се врши според Методологија за изразување на критериумите во бодови, кои критериуми често во тендерската документацијата не се исти со тие во објавата на огласот што не е во согласност со член 140 став 8;
- нема изјави за непостоење на конфликт на интереси (член 173);

4.4.2. Ревизијата утврди дека се извршени плаќања кон правни лица во износ од 787 илјади денари за набавка на добра и услуги за кои не е спроведена соодветна постапка за јавна набавка согласно закон прикажани во Прилог 2 кон овој извештај.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучување на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1 и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Шуто Оризари - сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари - сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

Ревизијата смета за неопходно да го обелодени следново:
Од страна на општина Шуто Оризари во 2009 година преземени се мерки и до МВР се доставени информации и документи за утврден кусок на основни средства (возила и опрема) на Општина Шуто Оризари за што е задолжен поранешниот градоначалник на општината.
Со спроведениот попис од 2008 година на основните средства, од страна на комисијата утврден е кусок на опрема (возило пасат, мобилни телефони, компјутери, клими) во износ од 1.355 илјади денари. Од страна на комисијата за попис, изготвен е записник и даден до градоначалникот за постапување по записникот, односно донесување на одлука или решение за задолжување на одговорни лица кои ќе го надоместат кусокот, но од страна на тогашниот градоначалник не е постапено по записникот.
Исто така од страна на поранешниот градоначалник, во декември 2008 година извршено е отуѓување на две возила Рено - Лагуна и Лада - Нива за што се склучени договори со две физички лица без да биде спроведена соодветна постапка за нивна продажба (лицитација). Вредноста на возилата според договорите е 230 илјади денари кои до денот на вршење на ревизијата не се наплатени како побарувања.

Скопје, 31.01. 2011 година

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 18.970 | 17.825 |
| **Вкупно приходи** | | **18.970** | **17.825** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 12.258 | 12.553 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 194 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 3.856 | 3.114 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 534 | 331 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **16.842** | **15.998** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 2.128 | 1.817 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2.128** | **1.817** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **18.970** | **17.815** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | | 0 | 130 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 10 |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 1.355 | 1.355 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 8.590 | 7.388 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.945** | **8.883** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 34 | 34 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 11.939 | 10.522 |
| **Вкупно постојани средства** | | **11.973** | **10.556** |
| **Вкупна актива** | | **21.918** | **19.439** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 6.393 | 5.501 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 2.197 | 1.887 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 1.355 | 1.495 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.945** | **8.883** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 11.973 | 10.556 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **11.973** | **10.556** |
| **Вкупна пасива** | | **21.918** | **19.439** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **10.556** | - | **10.556** |
| **Зголемување по основ на:** | **2.056** | - | **2.056** |
| Набавки | 216 | - | **216** |
| Расходување | | | - |
| Исправки за време ревизија | 1.380 | | **1.380** |
| Ревалоризација | 460 | | 460 |
| **Намалување по основ на:** | **639** | - | **639** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | 506 | | **506** |
| Ревалоризација | 133 | | 133 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **11.973** | - | **11.973** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

Преглед 1

**Резултати**
**Од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Општина Шуто Оризари на Сметката на Основен Буџет 637**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10.1.1. | Општина Шуто Оризари во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/121 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбен биланс помеѓу РМ и новоформираните општини. Исто така, од Републичката геодетска управа, нема обезбедено имотни листи за имотот со кој располага. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината. | На основа решението и имотните листи кои треба да ги обезбеди од републичката геодетска управа, надлежното одделение да изврши евидентирање на материјалните средства кои се сопственост на општина Шуто Оризари | Не е спроведена | Во март 2006 година од страна на општината до Агенцијата за катастар доставено е барање за запишување на право на сопственост за објектите доделени со решение од Влада на РМ по делбените биланси. Општината нема добиено повратно известување од Агенцијата за катастар |
| 10.2.1. | Не е пресметана амортизација на градежните објекти. Таквата појава е присутна во целиот период на постоење на општината. За делот на станбените и сервисните улици причина за не пресметување на амортизацијата е немањето | Во врска со пресметувањето на амортизацијата во целост да се применуваат | спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | податок за вредноста на горниот слој на истите што е предмет на амортизација, а за другите градежни објекти посебна причина од страна на надлежните не е истакната. Поради тоа искажаната вредност на градежните објекти на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на истите. | одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници. | | |
| 10.2.2. | За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период.<br>Општината нема организиран простор (магацин) за прием на залихите. Не евидентирањето на приемот и издавањето на истите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење на истите. | Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:<br>а) ќе се утврди потребата за набавка;<br>б) ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;<br>в) ќе се обезбеди простор за прием на залихите;<br>г) ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требовање. | Не е спроведена | Нема утврдено сметководствена политика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10.2.3. | Општината Шуто Оризари има и располага со материјални средства како што се улици, патишта и други објекти од кои дел се евидентирани, а дел не се. Во текот на 2004 година, по основ на вложување во овие објекти кое значи тампонирање и асфалтирање има направено расходи во вкупен износ од 3.872 илјади денари кои не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. | Да се преземат мерки и активности да се изврши соодветно разграничување и евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјалните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал. | Не е спроведена | |
| 10.2.4. | За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба правниот субјект не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што е спротивно со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба. | Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат на ставките за Материјални средства и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд | Не е спроведена | Општина Шуто Оризари нема воспоставено евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10.3.1. | Ставката Плати и надоместоци, е преценета за износ од 546 илјади денари и за истиот износ е потценет вишокот на приходи, поради тоа што се направени расходи по основ исплата на месечни паушали – надоместоци на градоначалникот, секретарот и советниците, за кои според Законот за локална самоуправа нема законски основ и е спротивно на Законот за исплата на плати на пратениците и другите избрани и именувани лица во Република Македонија. | Исплатата на надоместоците да се врши согласно одредбите од Законот за локална самоуправа. | Не е спроведена | На градоначалникот се уште се врши исплата на паушал за функционер |